**20242474351**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

Врз основа на член 87 став (10) од Законот за вработените во Министерството за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/24) министерот за одбрана, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКАТА ПОСТАПКА ЗА ДИСЦИПЛИНСКИ ПРЕСТАП И ОБРАЗЕЦОТ ЗА ТАЈНОТО ГЛАСАЊЕ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на дисциплинската постапка за дисциплински престап и образецот за тајното гласање за вработените во Министерството за одбрана (во натамошниот текст: вработен).

Член 2

(1) Дисциплинската постапка против вработен во Министерството, се покренува по Предлог за покренување на дисциплинска постапка поднесен од непосредно препоставениот раководен службеник.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, доколку вработениот нема непосредно претпоставен раководен службеник, предлогот за покренување на дисциплинската постапка го поднесува следниот непосредно претпоставен раководен службеник.

Член 3

(1) Предлогот за покренување на дисциплинска постапка против вработен во Министерството за одбрана, содржи:

- законски основ за поднесување на предлогот,
- име и презиме на вработениот против кој се предлага покренување на дисциплинската постапка за дисциплински престап,
- опис на дисциплинскиот престап и неговиот законски основ, опис на околностите под кои е сторен, како и времето и местото на извршување на дисциплинскиот престап,
- докази за постоење на дисциплинскиот престап и
- датум и потпис.

Член 4

(1) Предлогот за покренување на дисциплинската постапка против вработен во Министерството за одбрана се доставува до државниот секретар во Министерството и до вработениот против кој е поведена дисциплинската постапка.

(2) По добивање на Предлогот за покренување на дисциплинска постапка против вработен во Министерството за одбрана, од страна на државниот секретар се донесува решение за формирање на Комисија за водење на дисциплинска постапка за дисциплински престап (во натамошниот текст: дисциплинска комисија), најдоцна седум дена од денот на поднесување на предлогот за покренување на дисциплинска постапка.

(3) Претседател на дисциплинската комисија е раководен службеник во Министерството, а членови односно нивни заменици може да бидат раководни и други службеници, во зависност од категоријата и нивото на вработениот против кој е поднесен Предлогот за покренување на дисциплинската постапка против вработен во Министерството за одбрана.

(4) Административно техничките работи на Дисциплинската комисија, ги врши записничар, од редот на вработените, без право на глас.

(5) Решението за формирање на дисциплинската комисија, заедно со Предлогот за покренување на дисциплинската постапка, веднаш се доставуваат до претседателот, членовите на дисциплинската комисија и нивните заменици, согласно со одредбите од Законот за општата управна постапка.

(6) Вработениот во Министерството против кој е поднесен Предлог за покренување на дисциплинска постапка, може да биде застапуван во дисциплинската постапка, од страна на лице кое тој ќе го овласти.

Член 5

(1) Од страна на претседателот на дисциплинската комисија, се свикува седница на која уредно се повикуваат: членовите на дисциплинската комисија, односно нивните заменици, вработениот против кој е поведена дисциплинската постапка и неговиот застапник доколку го има, сведоците во постапката, а по потреба и други лица, најдоцна пет работни дена пред денот на одржување на седницата.

(2) Подносителот на Предлогот за покренување на дисциплинската постапка може да присуствува на расправата на седницата.

Член 6

(1) Поканата за расправа на седница, на дисциплинската комисија, содржи:

- име и презиме на вработениот во Министерството за одбрана кој се повикува,
- време и место на одржување на расправата,
- причината за повикувањето, и
- својството во дисциплинската постапка во кое се повикува вработениот во Министерството за одбрана .

(2) Поканата за седница на дисциплинската комисија се доставува лично на вработениот во Министерството против кој е поведена дисциплинска постапка по правило во работните простории на Министерството, односно на адреса на живеалиштето, односно престојувалиштето доколку доставата не може да се изврши во работните простории.

(3) Во случај на спреченост на вработениот да присуствува на закажаната расправа, истиот најдоцна до денот на одржување на расправата треба до претседателот на дисциплинската комисија да достави доказ за спреченоста, во спротивно ќе се смета дека истиот неоправдано отсуствува.

Член 7

(1) Пред почетокот на расправата на седницата на дисциплинската комисија, претседателот на дисциплинската комисија утврдува дали се присутни сите повикани лица и го проверува нивниот идентитет.

(2) Расправата на седницата може да се одржи и во отсуство на вработениот против кој е поведена дисциплинска постапка и неговиот застапник доколку го има, само доколку уредно биле повикани.

(3) Кога се исполнети условите за одржување на расправата, претседателот на дисциплинската комисија, го објавува предметот на дисциплинската постапка и ја отвара расправата.

(4) Претседателот на дисциплинската комисија им дава збор на:

- подносителот на Предлогот за покренување на дисциплинската постапка, доколку е присутен на расправата,
- вработениот против кој е поведена дисциплинската постапка, доколку е присутен на расправата или неговиот застапник доколку го има и
- сведоците и другите учесници во постапката.

(5) Претседателот, членовите на дисциплинската комисија, односно нивните заменици, може да поставуваат прашања и да бараат објаснувања на вработениот во Министерството против кој е покрената дисциплинската постапката.

(6) Доколку вработениот во Министерството против кој е покрената дисциплинската постапката лично или писмено не се произнесе по наводите во Предлогот за покренување на дисциплинска постапка, дисциплинската комисија ќе ја спроведе дисциплинската постапка без негово произнесување.

Член 8

(1) По изјаснувањето на вработениот против кој е поведена дисциплинската постапка, дисциплинската комисија пристапува кон изведување на предложените докази, на која можат да се изнесат и дополнителни докази.

(2) Изведувањето на доказите на расправата се врши со читање на сите докази, писмени извештаи, информации, изјави и други исправи и со сослушување на сведоците, а кога е тоа потребно се определува и вештачење.

(3) Претседателот, членовите на дисциплинската комисија, односно нивните заменици, подносителот на Предлогот за покренување на дисциплинската постапка, доколку е присутен на расправата и вработениот во Министерството против кој е поведена дисциплинската постапка, како и неговиот застапник, доколку го има, може да поставуваат прашања до сведоците и другите лица.

Член 9

(1) По изведување на сите предложени докази и произнесување на вработениот во Министерството против кој е покрената дисциплинската постапка, претседателот на дисциплинската комисија ги повикува редоследно, подносителот на Предлогот за покренување на дисциплинската постапка доколку е присутен на расправата, вработениот против кој е поведена дисциплинската постапка и неговиот застапник доколку го има, да се обратат на дисциплинската комисија со завршни зборови, со кои се резимираат правните и фактичките аспекти на предметот, а потоа објавува дека расправата е завршена.

(2) Расправата на седницата завршува во истиот ден кога е започната.

Член 10

(1) Дисциплинската постапка се прекинува во случаи:

- кога претседателот на комисијата, членовите или нивните заменици од оправдани причини неможат да присуствуваат на седницата, за што треба да приложат документација односно доказ,
- кога вработениот против кого се води дисциплинската постапка е на боледување, или од други оправдани причини не може да присуствува на седницата, а за што треба да приложи уредна документација, односно доказ,

- кога дисциплинската комисија ќе одлучи да решава за некое претходно прашање, или ќе побара од друг надлежен орган одредено постапување и информации од значење за постапката и

- во други случаи предвидени со закон.

(2) За прекинот на дисциплинската постапка се донесува посебно решение против кое не е дозволена жалба.

(3) Кога има прекин на дисциплинската постапка престануваат да течат сите рокови определени за вршење на дејствија за спроведување на дисциплинската постапка.

(4) За времетраење на прекинот на дисциплинската постапка, дисциплинската комисија не може да презема никакви дејствија во постапката, освен ако прекинот настанал по заклучувањето на расправата, а во кој случај дисциплинската комисија може врз основа на таа расправа, да предложи изрекување на дисциплинска мерка.

(5) Дејствијата што ги презеле учесниците во дисциплинската постапка, додека трае прекинот на постапката немаат никакво правно дејство. Нивното дејство започнува откако дисциплинската постапката ќе продолжи.

(6) Дисциплинската постапка што е прекината поради причините од ставот (1) на овој член, продолжува кога ќе престанат причините за прекинот.

(7) За продолжувањето на дисциплинската постапка се донесува посебно решение против кое не е дозволена жалба.

(8) Роковите што престанале да течат поради прекинот на дисциплинската постапка, продолжуваат да течат од денот кога дисциплинската комисија ќе донесе решение за продолжување на постапката, при што рокот за завршување на постапката за утврдување на дисциплинска одговорност се продолжува за временскиот период колку траел прекинот.

Член 11

(1) За дејствијата преземени на расправата, записничарот води посебен записник за расправа на седница.

(2) Записникот од ставот (1) на овој член, содржи податоци за: составот на дисциплинската комисија, записничарот, местото и времето на одржување на расправата, подносителот на Предлогот за покренување на дисциплинска постапка, вработениот во Министерството против кој е поведена дисциплинската постапка и неговиот застапник, доколку го има, законскиот основ на дисциплинскиот престап, содржината на исказите на вработениот против кој е поведена дисциплинската постапка односно неговиот застапник доколку го има, сведоците и другите лица, поставените прашања на присутните на расправата, како и доказите кои се изведени на расправата.

(3) Записникот го потпишуваат сите учесници на расправата.

(4) Ако подносителот на Предлогот за покренување дисциплинска постапка или вработениот против кој е поведена дисциплинската постапка, односно неговиот застапник одбијат да го потпишат записникот, се внесуваат причините за одбивањето.

(5) Примерок од записникот за расправа на седница, му се предава на подносителот на Предлогот за покренување на дисциплинската постапка и на вработениот во Министерството против кој е поведена дисциплинска постапка, односно неговиот застапник.

Член 12

(1) По завршување на седницата, претседателот и секој од присутните членови на дисциплинската комисија, пристапуваат кон тајно гласање за дисциплинската одговорност на вработениот, со заокружување на редниот број пред текстот во однос на тоа дали истиот е одговорен или не е одговорен за дисциплинскиот престап, за што секој од нив го пополнува делот ДП-1 од образецот за тајно гласање.

(2) Ако дисциплинската комисија со мнозинство гласови утврди дека вработениот е одговорен за дисциплинскиот престап, претседателот и секој од присутните членови на диспиплинската комисијата, тајно гласаат за една од трите дисциплински мерки:

- парична казна во висина од 30% од висината на едномесечниот износ на нето- платата исплатена во последниот месец пред дисциплинскиот престап во траење од еден до шест месеци,
- распоредување на работно место во непосредно পониско ниво и
- престанок на работниот однос кога настапиле штетни последици за институцијата, а притоа не се утврдени олеснителни околности за вработениот кој го сторил престапот, со заокружување на редниот број пред текстот на конкретната дисциплинска мерка, за што секој од нив го пополнува делот ДП-2 од образецот за тајното гласање, по што за усвоена се смета онаа дисциплинска мерка која има најмногу гласови.

(3) Ако две дисциплински мерки имаат еднаков број на гласови, поголем од бројот на гласови за третата дисциплинска мерка, тајното гласање се повторува за за тие две дисциплински мерки, а за усвоена се смета дисциплинската мерка која добила мнозинство гласови.

(4) За резултатите од тајното гласање од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, записничарот составува посебен записник за тајно гласање, кој содржи податоци за: составот на дисциплинската комисија, записничарот, местото и времето на одржувањето на тајното гласање, резултатите од тајното гласање и предлогот на дисциплинската комисија, врз основа на добиените резултати од тајното гласање на обрасците.

(5) Записникот за тајното гласање го потпишуваат сите присутни членови на дисциплинската комисија, на расправата.

(6) Образецот за тајното гласање е даден во прилог и е составен дел од овој правилник.

Член 13

(1) Ако дисциплинската комисија утврди дека вработениот против кој е покрената дисциплинска постапка не е одговорен за дисциплинскиот престап, му доставува на државниот секретар во Министерството, образложен Предлог за отфрлање на Предлогот за покренување на дисциплинската постапка, односно за запирање на дисциплинската постапка.

(2) Ако дисциплинската комисија утврди дека вработениот против кој е поведена дисциплинска постапка е одговорен за дисциплинскиот престап, на државниот секретар му доставува Предлог за изрекување на дисциплинска мерка.

(3) Предлогот од ставот (2) на овој член, содржи:

- вовед, во кој се наведува: составот на дисциплинската комисија, подносителот на Предлогот за покренување на дисциплинската постапка, законскиот основ за давање на предлогот за изрекување на дисциплинската мерка,
- изрека, во која се наведува Предлог за изрекување на дисциплинска мерка,
- образложение, кое содржи: краток опис на дисциплинскиот престап за кој вработениот е одговорен со наведување на законскиот основ на истиот, кои докази се изведени и кои факти се утврдени, оценката за изведените докази и утврдените факти, како и кои отежителни и олеснителни околности се земени во предвид при предлагање на дисциплинската мерка, и
- деловоден број, датум и потпис на претседателот и членовите на дисциплинската комисија.

Член 14

(1) Решението за изрекување дисциплинска мерка содржи:

- вовед, во кој се наведува кој го донел решението, врз основ на чија одговорност и во врска со чиј Предлог за покренување на дисциплинската постапка, деловодниот број и датумот на Предлогот за изрекување на дисциплинска мерка, како и законскиот основ за изрекување на предложената дисциплинска мерка,
- изрека во која се наведува: видот на изречената дисциплинска мерка, законскиот основ  на истата, а доколку како дисциплинска мерка биде изречена парична казна се наведува времетраењето на истата и од кога решението ќе произведе правни последици,
- образложение, во кое се наведува: краткиот опис на повредата за која вработениот против кој е поведена дисциплинската постапка е одговорен со наведување на законскиот основ на истата, кои докази се изведени и кои факти се утврдени, оценката на изведените докази и утврдените факти, како и кои отежителни и олеснителни околности се земени во предвид при изрекување на дисциплинската мерка, и
- упатство за правно средство.

(2) При водење на една дисциплинска постапка на вработен во Министерството, против кој е поведена дисциплинска постапка, не може да му се изречат повеќе дисциплински мерки.

(3) Ако во извршените дејствија на вработениот против кој е поведена дисциплинска постапка има битија од повеќе дисциплински престапи, се цени тежината на сите дејствија заедно и се предлага една дисциплинска мерка од членот 85 став (2) од Законот за вработените во Министерството за одбрана.

Член 15

(1) Решението за изрекување на дисциплинска мерка, се врачува лично на вработениот, по правило во работните простории на Министерството во кои вработениот работи, односно на адреса на живеалиштето, односно престојувалиштето од кое вработениот секојдневно доаѓа на работа или на неговиот законски застапник доколку го има.

(2) Ако вработениот не може да се пронајде на адресата на живеалитето, односно престојувалиштето или ако го одбие врачувањето, решението се објавува на огласна табла во Министерството, по што по изминување на осум дена од објавувањето, се смета дека врачувањето е извршено.

Член 16

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-3841/1
3 декември 2024 година
Скопје

Министер за одбрана,
**Владо Мисајловски**, с.р.

Прилог

ОБРАЗЕЦ ЗА ТАЈНО ГЛАСАЊЕ НА ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА
ЗА ДИСЦИПЛИНСКИ ПРЕСТАП НА ВРАБОТЕН ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

дел ДП-1

Согласно поднесениот Предлог за покренување на дисциплинска постапка бр.__________ од ______________ година, за дисциплински престап од член 85 став (2) од Законот за вработените во Министерството за одбрана, а врз основа на одржаната расправа на ден _____________ година, како и изведените докази, вработениот во Министерството за одбрана ___________________________ распореден на работно место ____________________________________________________________________________________________ __________________________________ :

1. Сторил дисциплински престап од член 85 став (2) од Законот за вработените во Министерството за одбрана.

2. Не сторил дисциплински престап од член 85 став (2) од Законот за вработените во Министерството за одбрана.

-----------------------------------------------------------------------------------------------------

дел ДП-2

Согласно резултатите од тајното гласање на дисциплинската комисија, според кое е утврдено дека вработениот ________________________________________ е одговорен за сторен дисциплински престап од член 85 став (2) од Законот за вработените во Министерството за одбрана, предлагам на истиот да му се изрече дисциплинска мерка:

1. Парична казна во висина од 30% од висината на едномесечниот износ на нето- платата исплатена во последниот месец пред дисциплинскиот престап во траење од еден до шест месеци.

2. Распоредување на работно место во непосредно пониско ниво.

3. Престанок на работниот однос кога настапиле штетни последици за институцијата, а притоа не се утврдени олеснителни околности за вработениот кој го сторил престапот.

__________________________________________________________